Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 14 декември 2022 година**

**Скопје, декември 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 14 декември 2022 година**

Седницата започна во 13:00 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваше и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Бајрам Реџепи, директор на Акционерското друштво за вршење енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост и Ана Дојчиновска-нотар.

Од седницата отсуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата: м-р Беким Сали, министер за здравство и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Информација за потпишување на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2021 година

1. Записник од Деветтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 6 декември 2022 година, со Записник од Третата седница на Групата за процена, одржана на 28 ноември 2022 година и со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението

2. Информација со конкретни мерки и активности за надминување на загубата, за подобрување на наплатата на ненаплатените побарувања, навремено измирување на обврските и мерки за подобрување на ликвидноста во работењето на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип

3. Годишна сметка за 2021 година и Извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" п.о.-Скопје во 2021 година, со Извештај од независен ревизор, дополнување и предлог-одлуки

4. Информација за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" на Казнено–поправна установа Затвор Скопје–Скопје, со Предлог–одлука

5. Информација за нерешените имотно-правни работи во врска со изградба на Автопатот Миладиновци-Штип, Автопатот Демир Капија-Смоквица и Автопатот Кичево-Охрид

6. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на малопродажната цена на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија" од примерок

7. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија" во печатена форма, за 2023 година

8. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија" во електронска форма, за 2023 година

9. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената за базата на прописи во Република Северна Македонија во електронска форма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, преку мобилна апликација

10. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената за базата на прописи во Република Северна Македонија во електронска форма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија

11. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија

12. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната (*), со Предлог-одлука

13. Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги АРЦ Аутомотив Македонија ДООЕЛ Илинден, со Предлог-одлука

14. Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство Кондево МК ДОО Штип, со Предлог-одлука

15. Информација во врска со Анекс договор бр.2 кон Договорот за доделување на државна помош на корисник на Технолошко индустриска развојна зона склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги ВИК Македонија ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп и ВИК ФАР ист лимитед (WIK FAR EAST LTD) бр.09-8623/1 од 23.9.2020 година и Анекс-договор бр.1 бр.13-528/1 од 21.3.2022 година, со Предлог-одлука

16. Информација во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство и трговија Делфи електроник системс Македонија ДООЕЛ и Delphi Hungary Autóalkatrész Gyártó Korlátolt Felelősségű Társaság, бр.13-128/1 од 15.1.2016 година, со Предлог-одлука

17. Информација за Предлог договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија АПТИВ сервисес Македонија ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

18. Предлог-одлука за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Аеродром

19. Информација за реконструкција и доградба на колекторскиот систем и пречистителната станица во Општина Дојран

20. Информација за пренамена на доделени средства за заштита на Преспанското Езеро

21. Информација за состојбата и размена на искуства со препораки за најдобра пракса со компаративна анализа за формирање на самостојна и независна Национална антидопинг организација на Република Северна Македонија (НАДО МКД), со Нацрт-текст на Закон за борба против допингот во спортот и негово спречување

22. Информација за ништовност на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 09-6950/1, склучен на 29.7.2022 година, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Акционерското друштво Оранжерии с.Хамзали, Босилово

23. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2022 година

24. Предлог-одлука за пренесување на право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката -Скопје

25. Предлог-програма за изменување на Програмата за водостопанство за 2022 година

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Ижиште за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Ижиште, Општина Македонски Брод, со Предлог-одлука

27. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Горна Матка и Долна Матка за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Матка, КО Матка-вонград, Општина Сарај, со Предлог-одлука

28. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 110kv далновод ТС Штип-ТС Овче Поле, КО Врсаково, КО Сарчиево, КО Три Чешми-вгр и КО Штип 1, Општина Штип и КО Пеширево, КО Амзабегово-вгр, КО Ерџелија-вгр, КО Ерџелија, КО Мустафино–вгр и КО Мустафино, Општина Свети Николе, со Предлог-одлука

29. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 -површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Добрево, Општина Пробиштип, со Предлог -одлука

30. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на државен пат за обезбедување поврзување на магистрален пат А2 со патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево–Подвис, км 0+000,00–км 10+424,89, КО Србјани, КО Другово, КО Кичево 9, КО Кичево-вонград, Општина Кичево, со Предлог-одлука

31. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за реконструкција на локален пат од регионален пат Велес -Прилеп до с.Бусилци, Општина Чашка, со Предлог-одлука

32. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за изградба на локален пат од локалниот пат за с.Мелница до с.Голозинци и изградба на плочаст пропуст (или мост) над река Мелничка, Општина Чашка, со Предлог-одлука

33. Информација за Предлог-решение предложено од Меѓуресорската работна група за настанатата состојба со поништените одлуки на Владата за давање на дивеч под концесија во ловиштата бр.5 „Тажево“, бр.2 „Копришница“ и бр.5 „Душегубица“ од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки, во контекст на потврдени или актуелни управни спорови

34. Информација за продажба на недвижна ствар-објект во село Конопиште, сопственост на Република Северна Македонија, корисник Министерство за финансии-Управа за имотно-правни работи, со Предлог-одлука

35. Информација за потребата од склучување на Договор за грант меѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Европската банка за обнова и развој и Договор за обесштетување од страна на државата меѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој за проектот Патна делница Крива Паланка-Деве Баир (граница со Бугарија), со усогласени текстови на договори

36. Информација за потребата од склучување на Договор за грант помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Европската банка за обнова и развој и Договор за обештетување од страна на државата помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој за финансирање на патен коридор 8-I фаза на проектот, со усогласени текстови на договори

37. Информација за Нацрт полугодишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2022 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии „Смарт јавни финансии“ за периодот јануари–јуни 2022 година

38. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година

39. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправна установа Затвор Скопје

40. Предлог-програма за изменување на Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија за 2022 година

41. Информација со предлог–мерки за унапредување на туристичко /угостителската понуда во Република Северна Македонија

42. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина–метални минерални суровини на локалитетот „Пекљани“, Општина Виница, со Предлог-решение

43. Информација за одржување на Шестата седница на Мешовитата македонско-турска комисија за примена на Спогодбата за трговска и економска соработка меѓу Република Македонија и Република Турција

44. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина–песок и чакал на локалитетот ,,с.Трубарево“, Општина Гази Баба

45. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина-песок и чакал на Друштвото за трговија транспорт и услуги АР-АМ Транс ДООЕЛ Долно Коњари, Петровец

46. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина–калцитски мермер на Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало Рудпроинг ДООЕЛ увоз-извоз Македонски Брод на локалитетот ,,Голем Дол“, Општина Македонски Брод

47. Предлог–одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Трговското друштво за трговија, Ило ДООЕЛ увоз-извоз с.Иловица-Босилово на локалитетот „Метленик–2“, Општина Босилово

48. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Сушички мост“, Општина Гостивар

49. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1986 на Советот од 20 октомври 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/1985 на Советот од 20 октомври 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

50. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење преглед на умрени лица за 2022 година

51. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа

52. Информација за потребата од основање нова Национална установа „Музички театар на Република Северна Македонија“ -Тетово

53. Информација за потребата од основање нова Национална установа „Камерен оркестар на Битола“-Битола

54. Информација за потребата од основање нова Национална установа „Меморијален музеј на Смилевскиот конгрес“-Смилево

55. Информација за состојбите со Охридскиот Регион

56. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

57. Предлог на закон за дополнување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица, по итна постапка, поднесен од група пратеници

58. Барање за давање на автентично толкување на член 62-а став 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/03, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/12, 115/14, 149/14, 187/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20 и 279/20), поднесено од градоначалникот на Општина Центар

59. Предлог на финансиски план за 2023 година на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија и Предлог на одлука за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход, за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2023 година

60. Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво за 2021 година

61. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.106/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 101 став 1 алинеја 4 во делот „на овој член“ од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19)

62. Иницијатива од Славко Лазаревски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.93/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 2 точка 29 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и 124/19)

63. Иницијатива од Хари Ајцев, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.94/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 24 став 1 во делот „или во текот на осигурувањето имале стаж на осигурување кој се смета за зголемено траење“ од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.245/18)

64. Иницијатива од политичката партија Левица и Светскиот македонски конгрес од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.9/21 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на Спогодба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.317/20) и У.бр.9/21 и У.бр.25/21 од 29.7.2022 година и 5.9.2022 година

65. Иницијатива од Даниел Георгиевски доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под бр.У.бр.103/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 78-г од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20, 279/20 и 227/22

66. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.109/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 152 став 1 точка 2 во делот „став 4“ од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20, 279/20 и 227/22)

67. Понуда од нотар Наим Шерифи од Куманово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.47421, за КО Куманово, на КП бр.7812/1, викано место/улица Османски Рид

68. Понуда од нотар Роза Николова од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2307, за КО Злокуќани, на КП бр. 789 викано место/улица „Зајчев Рид“

69. Понуда од нотар Емилија Георгиевска-Аџиска од Берово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8790 за КО Русиново, на КП бр.13001, викано место/улица село Русиново

70. Понуда од нотар Јанко Милушев од Струмица, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100046 за КО Костурино, на КП бр.4110, викано место/улица Село

71. Понуда од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.56697 за КО Карпош, на КП бр.4496, викано место/улица „Козле 1“

72. Понуда од нотар Весна Паунова од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.63175 за КО Кисела Вода 1, на КП бр.892/1, викано место/улица „Првомајска“

73. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.97476 на КП бр.125/6 и Имотен лист бр.97477 за КП бр.125/7, КО Чаир

74. Понуда од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.56985, за КО Ресен на КП бр. 4572/17 викано место/улица „Димитар Влахов“

75. Понуда од нотар Мексуд Максуд од Ресен, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.56381 за КО Ресен, на КП бр.6365/8, викано место/улица „11 Октомври“

76. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2952, за КО Карпош, КП бр.6237/5, викано место/улица „Миле Поп Јорданов“

77. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101699 за КО Охрид 4, на КП бр.6227/4, викано место/улица „Горица“

78. Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.67238, за КО Маџари, на КП бр.2853/21, викано место/улица „Утрина“

79. Понуда од нотар Лидија Рибарева од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.191 за КО Три Чешми Вонград, на КП бр.95/1, викано место/улица „Сушево Ритче“, КП бр.95/10, викано место/улица „Сушево Ритче“, КП бр.95/2, викано место/улица „Сушево Ритче“, КП бр.95/48, викано место/улица „Сушево Ритче“, КП бр.95/5, викано место/улица „Ежово Поле“, КП бр.95/8, викано место/улица „Ежово Поле“, КП бр.95/9, викано место/улица „Сушево Ритче“

80. Кадровски прашања

81. Прашања и предлози

82. Информација за одржување на предвидената акредитација на лабораторијата и акредитација на нови методи

83. Извештај за финансиското работење на ЈП „Стрежево“-Битола за периодот 1 јули 2022 година-30 септември 2022 година

84. Извештај за материјално финансиско работење на ЈП „Студенчица" Кичево, за третиот квартал на 2022 година

85. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче–Велес, за период од 1 јули до 30 септември 2022 година

86. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје за трет квартал 2022 година

87. Финансиски извештај за работењето на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о., за период од 1 април 2022 година до 30 јуни 2022 година

88. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот 1 април 2022 година-30 јуни 2022 година

89. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје за периодот 1 јули 2022 година-30 септември 2022 година

90. Тримесечен финансиски извештај на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-Берза Скопје за периодот јули-септември 2022 година

91. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за периодот јули-септември 2022 година

92. Конечен извештај за трошење на средства од наменска сметка за буџетска поддршка за електрична енергија и наменска сметка за буџетска поддршка за топлинска енергија, префрлени по одлуки на Влада на Република Северна Македонија

93. Годишен извештај за работата на Управата за финансиско разузнавање за 2021 година

94. Извештај за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за периодот 1 јануари 2022 година-30 јуни 2022 година

95. Информација за покренување на постапка за одржување на Собрание на акционери на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост, заради донесување на одлука за потврдување на статусната промена -спојување на НЕР АД Скопје и ГА-МА АД- Скопје, со предлог-одлуки и придружни материјали

96. Ревидирана стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2023-2025 (со изгледи до 2027 година)

97. Информација за склучување на Договор за однапред резервиран капацитет (Advance reservation capacity agreement-ARCA) за резервирање на капацитет на грчката страна од интерконекциската точка Евзони-Гевгелија, со Договор за однапред резервиран капацитет за Резервирање на капацитет на грчката страна од ИТ Евзони/Гевгелија, Договор за издавање на гаранција за добро извршување на работите и со Предлог-одлука

98. Дополнет предлог на Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

99. Информација за покренување на постапка за одржување на Собрание на акционери на Акционерско друштво ГА-МА–Скопје, заради донесување на одлука за потврдување на статусната промена–спојување на ГА-МА АД Скопје и НЕР АД Скопје, со предлог–одлуки и придружни материјали

100. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година
101. Информација за изменување на Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година, со Предлог–програма

102. Информација за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за интерконективен гасовод Република Северна Македонија–Грција

103. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2022 година

104. Информација за давање овластување за преговарање за нов колективен договор за вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

105. Ревидирана фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2023-2025 (со изгледи до 2027)

106. Извештај за извршени преговори за усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина, Владата на Република Бугарија, Владата на Република Хрватска, Владата на Унгарија, Владата на Република Северна Македонија, Владата на Црна Гора, Владата на Република Србија, Владата на Словачката Република и Владата на Република Словенија за соработка и координација на потрагата и спасувањето во областа на воздухопловството, со усогласен текст на Спогодба

107. Информација за потреба од добивање согласност по однос на Ценовникот за изменување на Ценовникот за висината на надоместокот на работите и услугите од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, со Предлог–одлука

108. Информација за потребата од преалокација на средства по трошковни категории на Проектот за итно справување со ковид-19

*

* *

Пред преминување на Дневен ред:

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2021 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го разгледа и прифати текстот на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2021 година.

2. Се овластува д-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и национален ИПА координатор, да ја потпише Финансиска спогодба помеѓу Европската комисија и Владата на Република Северна Македонија за финансирање на Годишна акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2021 година.

3. Се задолжува Министерството за правда да го обезбеди националното кофинансирање во рамки на Акцискиот документ ЕУ за владеење на правото и борба против корупцијата.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да го обезбеди националното кофинансирање во рамки на Акцискиот документ потребниот ЕУ против организиран криминал, во поддршка на трговијата.

5. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за финансии-Царинска управа, да го обезбедат националното кофинансирање во рамки на Акцискиот документ ЕУ за Преспа.

6. Се препорачува на Општина Ресен да го обезбеди националното кофинансирање во рамки на Акцискиот документ ЕУ за Преспа.

7. Се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој да го обезбеди националното кофинансирање во рамки на Акцискиот документ ЕУ за зелена економија.

8. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го обезбеди националното кофинансирање во рамки на Акцискиот документ ЕУ за зелена економија.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Записникот од Деветтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 6 декември 2022 година, со Записник од Третата седница на Групата за процена, одржана на 28 ноември 2022 година и со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Деветтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 6 декември 2022 година.

2. Го утврди Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на

мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението (со која се предлага Собранието на Република Северна Македонија да одобри продолжување на рокот за постоење на кризната состојба до 30 јуни 2023 година) и заклучи да го достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Беким Сали, министер за здравство и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, а за повереник Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи.

3. Да се информира Претседателот на Република Северна Македонија за утврдениот Предлог на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

4. За операционализација на Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, Владата заклучи да му предложи на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во справувањето со кризната состојба.

5. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија, Министерството за здравство, Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, со сите останати засегнати државни институции кои се дел од системот за управување со кризи да ги стават на располагање сите расположливи капацитети и ресурси кои може да се стават во функција на справување со кризната состојба и да продолжат со континуирано извршување на активностите.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата со конкретни мерки и активности за надминување на загубата, за подобрување на наплатата на ненаплатените побарувања, навремено измирување на обврските и мерки за подобрување на ликвидноста во работењето на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на Општина Пробиштип, Општина Свети Николе и Општина Штип да ги задолжат своите јавни комунални претпријатија, ЈКП Никола Карев Пробиштип, ЈКП Комуналец Свети Николе и ЈП Исар Штип, до 31.12.2022 година, да ги подмират во целост заостанатите обврски кои ги имаат спрема Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип и во рокот утврден со договорите да ги плаќаат тековните месечни фактури и ратите од заостанатите неплатени фактури.

2. Се задолжува Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип до Владата да достави нова информација за прогресот во однос на наплатата на ненаплатените побарување од јавните комунални претпријатија, навремено измирување на обврските и мерки за подобрување на ликвидноста во работењето на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип, во рок од шест месеци.

**Точка 3**

Владата по Годишната сметка за 2021 година и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми"-п.о.-Скопје во 2021 година, со Извештај од независен ревизор, дополнувањето и предлог-одлуки, ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми ,,Национални шуми"-п.о.- Скопје за 2021 година.

2. Одлуката за давање на согласност на Одлуката за распоредување на вишок на средства по Годишната сметка за 2021 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми ,,Национални шуми"-п.о.-Скопје.

Истовремено, се задолжува Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми"-п.о. -Скопје да подготви и до Владата да достави информација со план за воведување на потребните европски стандарди со цел дрвната маса од шумите во нашата земја да биде искористена како суровинска база во дрвната индустрија во земјата, како и за извоз, со финансиски план.

Исто така, при разгледување на овој материјал да биде присутен и Валентин Груевски, директор на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми"-п.о. -Скопје.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" на Казнено–поправна установа Затвор Скопје–Скопје, со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"- П.О. Скопје на Казнено -поправна установа Затвор Скопје -Скопје.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за нерешените имотно-правни работи во врска со изградба на Автопатот Миладиновци-Штип, Автопатот Демир Капија-Смоквица и Автопатот Кичево–Охрид и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат подрачните одделенија на Државното правобранителство на Република Северна Македонија и на Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи, Бирото за судски вештачења, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за катастар на недвижности, да продолжат да ги преземаат сите потребни активности за целосно завршување на постапките за експропријација на недвижностите опфатени со наведените проекти.

2. Се задолжуваат подрачните одделенија на Државното правобранителство на Република Северна Македонија и на Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи, Бирото за судски вештачења, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за катастар на недвижности, да продолжат да ги преземаат сите потребни активности за целосно завршување на постапките за експропријација на недвижностите опфатени со проектот Ранковце -Крива Паланка.

3. Се задолжуваат Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Министерството за финансии-Управа за имотно правни работи, Бирото за судски вештачења, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за катастар на недвижности во рок од 15 дена да ги преземат сите активности за целосно завршување на експропријациите, во спротивно штетата од непостапувањето на секоја од горенаведените институции ќе биде на товар на одговорната институција за причинетата штета.

4. Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи, Агенцијата за катастар на недвижности и Бирото за судски вештачења во рок од 15 дена до Владата да достават извештај во врска со завршените експропријации, колку и кои експропријации не се завршени и објективните причини зошто не се завршени.

Истовремено, при разгледување на овие материјали да бидат присутни министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, државниот правобранител на Република Северна Македонија, како и директорите на Управата за имотно-правни работи, Агенцијата за катастар на недвижности и Бирото за судски вештачења.

5. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта да продолжи да одржува работни состаноци по однос на нерешените имотно-правни работи за инфраструктурните проекти со членовите на работната група од надлежните институции и доколку има проблеми во врска со ова прашање за истото да ја информира Владата.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на малопродажната цена на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ од примерок.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во печатена форма, за 2023 година.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Северна Македонија“ во електронска форма, за 2023 година.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената за базата на прописи во Република Северна Македонија во електронска форма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, преку мобилна апликација.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената за базата на прописи во Република Северна Македонија во електронска форма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 12**

Владата по Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната (*) ја донесе Одлуката за давање на согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната (*).

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги АРЦ Аутомотив Македонија ДООЕЛ Илинден, со Предлог -одлука ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги АРЦ Аутомотив Македонија ДООЕЛ Илинден-корисник на технолошка индустриска развојна зона Скопје 1.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство Кондево МК ДОО Штип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство Кондево МК ДОО Штип-корисник на Технолошка индустриска развојна зона Штип.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анекс договор бр.2 кон Договорот за доделување на државна помош на корисник на Технолошко-индустриска развојна зона склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата

за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги Вик Македонија ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп и ВИК фар ист лимитед (WIK FAR EAST LTD) бр.09-8623/1 од 23.9.2020 година и Анекс-договор бр.1 бр.13-528/1 од 21.3.2022 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс-договор бр.2 кон Договорот за доделување на државна помош на корисник на технолошко индустриска развојна зона склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги ВИК МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп и ВИК фар ист лимитед (WIK FAR EAST LTD) бр.09-8623/1 од 23.9.2020 година и Анекс-договор бр.1, бр.13-528/1 од 21.3.2022 година.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство и трговија Делфи електроник системс Македонија ДООЕЛ и Delphi Hungary Autóalkatrész Gyártó Korlátolt Felelősségű Társaság, бр.13-128/1 од 15.1.2016 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс договорот бр.1 кон Договорот за доделување на држава помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство и трговија Делфи електроник системс Македонија ДООЕЛ и Delphi Hungary Autóalkatrész Gyártó Korlátolt Felelősségű Társaság, бр.13-128/1 од 15.1.2016 година.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог договор за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија АПТИВ сервисес Македонија ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија АПТИВ сервисес Македонија ДООЕЛ Скопје-корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост на недвижни ствари на Општина Аеродром.

**Точка 19**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за реконструкција и доградба на колекторскиот систем и пречистителната станица во Општина Дојран.

**Точка 20**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за пренамена на доделени средства за заштита на Преспанското Езеро, поради потребата предлагачот, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање да ја дополни истата со акциски план и други соодветни предлози за зачувување и заштита на Преспанското Езеро, во насока на одржување на квалитетот на водата и нивото на езерото.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата и размена на искуства со препораки за најдобра пракса со компаративна анализа за формирање на самостојна и независна Национална антидопинг организација на Република Северна Македонија (НАДО МКД), со Нацрт-текст на Закон за борба против допингот во спортот и негово спречување, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за правда во соработка со Министерството за здравство, Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација да ги достави во владина постапка Предлог-законот за борба против допингот во спортот и негово спречување и Предлог-законот за изменување на Законот за спортот и истите да се разгледаат на втората наредна редовна седница на Владата.
Истовремено, Владата заклучи кога станува збор за потреба од кадри да не се бараат нови вработувања, туку истите да се обезбедат со прераспределба во рамки на постоечките ресурси на надлежните институции.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за ништовност на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 09-6950/1, склучен на 29.7.2022 година, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Акционерското друштво Оранжерии с.Хамзали, Босилово, ја усвои Информацијата и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во рок од два дена, да достави известување до Акционерското друштво Оранжерии с.Хамзали, Босилово, дека Договорот за доделување на финансиска поддршка бр. 09-6950/1, склучен на 29.7.2022 година, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Акционерското друштво Оранжерии с.Хамзали, Босилово, е ништовен, од причина што истиот е во спротивност со одредбите на Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), поради што не предизвикува правно дејство.

**Точка 23**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог-програмата за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2022 година.

**Точка 24**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката -Скопје.

**Точка 25**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за водостопанство за 2022 година.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Ижиште за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-

инфраструктура КО Ижиште, Општина Македонски Брод, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Ижиште за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Ижиште, Општина Македонски Брод.

**Точка 27**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Горна Матка и Долна Матка за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Матка, КО Матка-вонград, Општина Сарај, со Предлог-одлука поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за животна средина и просторно планирање.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 28**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 110kv далновод ТС Штип-ТС Овче Поле, КО Врсаково, КО Сарчиево, КО Три Чешми-вгр и КО Штип 1, Општина Штип и КО Пеширево, КО Амзабегово-вгр, КО Ерџелија-вгр, КО Ерџелија, КО Мустафино–вгр и КО Мустафино, Општина Свети Николе, со Предлог-одлука.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13 -површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Добрево, Општина Пробиштип, со Предлог -одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Добрево, Општина Пробиштип.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на државен пат за обезбедување поврзување на магистрален пат А2 со патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево–Подвис, км 0+000,00- км 10+424,89, КО Србјани, КО Другово, КО Кичево 9, КО Кичево-вонград, Општина Кичево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на државен пат за обезбедување поврзување на магистрален пат А2 со патен коридор 8-Деве Баир-Ќафасан, патна делница Кичево–Подвис, км 0+000,00–км 10+424,89, КО Србјани, КО Другово, КО Кичево 9, КО Кичево-вонград, Општина Кичево.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за реконструкција на локален пат од регионален пат Велес -Прилеп до с.Бусилци, Општина Чашка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за реконструкција на локален пат од регионален пат Велес-Прилеп до с.Бусилци, Општина Чашка.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за изградба на локален пат од локалниот пат за с.Мелница до с.Голозинци и изградба на плочаст пропуст (или мост) над река Мелничка, Општина Чашка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за изградба на локален пат од локалниот пат за с.Мелница до с.Голозинци и изградба на плочаст пропуст (или мост) над река Мелничка, Општина Чашка.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-решение предложено од Меѓуресорската работна група за настанатата состојба со поништените одлуки на Владата за давање на дивеч под концесија во ловиштата бр.5 „Тажево“, бр.2 „Копришница“ и бр.5 „Душегубица“ од страна на Државната комисија за жалби по јавни набавки, во контекст на потврдени или актуелни управни спорови, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од седум дена да подготви и до Владата да достави информација за започнување на постапка за доделување под концесија на дивечот во ловишатата во Република Северна Македонија со предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата бр.5 „Тажево“, бр.2„Копришница“ и бр.5 „Душегубица“.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижна ствар-објект во село Конопиште, сопственост на Република Северна Македонија, корисник Министерство за финансии-Управа за имотно-правни работи, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на недвижна ствар во село Конопиште.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Договор за грант меѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Европската банка за обнова и развој и Договор за обесштетување од страна на државата меѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој за проектот Патна делница Крива Паланка-Деве Баир (граница со Бугарија), со усогласени текстови на договори и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ги прифати усогласените текстови на Договорот за грант за проектот Патна делница Крива Паланка-граница со Бугарија помеѓу Јавно претпријатие за државни патишта и Европската банка

за обнова и развој, во врска со инвестициски грант од европскиот Заеднички фонд за Западен Балкан и Договорот за обештетување од страна на државата за проектот Патна делница Крива Паланка-граница со Бугарија помеѓу Република Северна Македонија и Европската банка за обнова и развој.

2. Се овластува Ејуп Рустеми, директор на Јавното претпријатие за државни патишта, да го потпише Договорот за грант за проектот Патна делница Крива Паланка-граница со Бугарија помеѓу Јавно претпријатие за државни патишта и Европската банка за обнова и развој, во врска со инвестициски грант од европскиот Заеднички фонд за Западен Балкан.

3. Се овластува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, да го потпише Договорот за обештетување од страна на државата за проектот Патна делница Крива Паланка-граница со Бугарија помеѓу Република Северна Македонија и Европската банка за обнова и развој.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Договор за грант помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Европската банка за обнова и развој и Договор за обештетување од страна на државата помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој за финансирање на патен коридор 8-I фаза на проектот, со усогласени текстови на договори и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ги прифати усогласените текстови на Договорот за грант помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Европската банка за обнова и развој и Договорот за обештетување од страна на државата помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој.

2. Се овластува Ејуп Рустеми, директор на Јавното претпријатие за државни патишта, да го потпише Договорот за грант за финансирање на патен коридор 8-I фаза на проектот, во врска со инвестициски грант од европскиот Заеднички фонд за Западен Балкан помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Европската банка за обнова и развој.

3. Се овластува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, да го потпише Договорот за обештетување од страна на државата за финансирање на патен коридор 8-I фаза на проектот помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за Нацрт полугодишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2022 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии „Смарт јавни финансии“ за периодот јануари–јуни 2022 година, ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за финансии, Министерството за економија, Управата за јавни приходи, Царинската управа и Бирото за јавни набавки, а им се укажува на Државната комисија за жалби по јавни набавки и Државниот завод за ревизија да ја интензивираат реализацијата на активностите од Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2022 година.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправна установа Затвор Скопје.

**Точка 40**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2022 година.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог–мерки за унапредување на туристичко/угостителската понуда во Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за економија да подготви и до 31.12.2023 година до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност и Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност, во насока на исполнување на мерките содржани во Информацијата.

Исто така, Владата заклучи за членови во Комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување (хотели, мотели, пансиони) да има по еден член од Министерството за економија, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија и Хотелската асоцијација на Македонија -ХОТАМ.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - метлични минерални суровини на локалитетот „Пекљани“, Општина Виница, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина–метлични минерални суровини на локалитетот „Пекљани“ Општина Виница.

**Точка 43**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за одржување на Шестата седница на Мешовитата македонско-турска комисија за примена на Спогодбата за трговска и економска соработка меѓу Република Македонија и Република Турција, поради потребата од дополнителни усогласувања.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина–песок и чакал на локалитетот ,,с.Трубарево“, Општина Гази Баба.

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина-песок и чакал на Друштвото за трговија транспорт и услуги АР-АМ транс ДООЕЛ Долно Коњари, Петровец.

**Точка 46**

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина–калцитски мермер на Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало Рудпроинг ДООЕЛ увоз-извоз Македонски Брод на локалитетот ,,Голем Дол“, Општина Македонски Брод.

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина -песок и чакал на Трговското друштво за трговија, Ило ДООЕЛ увоз-извоз с.Иловица-Босилово на локалитетот „Метленик–2“, Општина Босилово.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Сушички мост“, Општина Гостивар, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина–доломитски мермер на локалитетот „Сушички мост“, Општина Гостивар.

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1986 на Советот од 20 октомври 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/1985 на Советот од 20 октомври 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина.

**Точка 50**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење преглед на умрени лица за 2022 година.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од основање нова Национална установа „Музички театар на Република Северна Македонија“ -Тетово и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од основање нова Национална установа „Музички театар на Република Северна Македонија“ -Тетово со заклучок Министерството за култура да достави елаборат за основање на нова Национална установа -„Музички театар на Република Северна Македонија“ -Тетово, усогласен со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Министерството за култура во рок од 30 дена да подготви и до Владата да достави одлука за основање Национална установа „Музички театар“ во Република Северна Македонија–Тетово, усогласена со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од основање нова Национална установа „Камерен оркестар на Битола“-Битола, ја усвои и го задолжи Министерството за култура, во рок од 30 дена да подготви и до Владата да достави Предлог-одлука за основање на Национална установа „Камерен оркестар на Битола“ -Битола.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од основање нова Национална установа „Меморијален музеј на Смилевскиот конгрес“ -Смилево, ја усвои и го задолжи Министерството за култура во рок од 30 дена до Владата да достави Предлог-одлука за основање на Националната установа „Меморијален музеј на Смилевскиот конгрес“ -Смилево.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбите со Охридскиот Регион и притоа го утврди следното мислење:

Владата на Република Северна Македонија целосно се посветува на одлуките на Комитетот за светско наследство со цел развој и спроведување на мерките за исполнување на најитните препораки наведени во препораките и од Реактивната мониторинг мисија во 2017 година.

Некои од корективните мерки и бараните активности кои се поврзани со исполнување на препораките се веќе спроведени, а некои се очекува да бидат финализирани во текот на 2022 година, како и спроведени во наредниот период.

Во оваа насока, изработена е првична нацрт верзија на Стратешкиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и истата е објавена на веб страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија ја поздравува оваа иницијатива и нема забелешки по однос на оваа информација.

**Точка 56**

Владата го разгледа Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и даде позитивно мислење по истиот.

**Точка 57**

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица, по итна постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со горенаведениот Предлог на закон се предлага дополнување на Законот за враќање на дел од данокот на додадената вредност на физичките лица, односно по членот 9-а да се додаде нов член 9-б, кој би се однесувал односно би бил во сила во услови на прогласена кризна состојба секој викенд граѓаните да добијат целосен поврат за платениот данок на додадена вредност на купени прехранбени производи.

Согласно постојното решение, член 3 став (3) пропишано во Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 133/19….244/20), враќањето на делот од данокот на додадена вредност пресметан на прометот на македонски добра и услуги се врши во висина од 20% од пресметаниот данок искажан во поединечна фискална сметка.

Враќањето на делот од данокот на додадена вредност пресметан на прометот на останати добра и услуги се врши во висина од 10% од пресметаниот данок на додадена вредност искажан во поединечна фискална сметка.

Согласно член 3 став (4) од Законот, правото на враќање на данокот се остварува за секое календарско тримесечје во кое е издадена фискалната сметка.

Согласно член 3 став (5) од Законот, највисока основица за пресметување на данокот за враќање, за едно календарско тримесечје, е искажаниот данок на додадена вредност во фискалните сметки во висина од 12.000 денари.

Во 2020 година, мерката ,,викенд без ДДВ“ беше меѓу првите мерки од четвртиот пакет мерки кои ги донесе Владата на Република Северна Македонија со цел справување со последиците од пандемијата предизвикана од вирусот ковид-19.

Имајќи го предвид горенаведеното во претстојниот период ќе се земат предвид одредбите од доставениот Предлог на закон, притоа надлежните субјекти ќе извршат консултација и анализа во однос на предметното барање во рамки на надлежностите на Министерството за финансии како орган во состав на Владата на Република Северна Македонија.

Дополнително во тек се анализи за одредени измени и дополнување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица, а кои, исто така, би значеле поголеми права во однос на правото за враќање на данокот на додадена вредност на физичките лица.

Од причина што во согласност со спроведената анализа и ефектите на мерката мој ДДВ, во претстојниот период ќе се излезе со конкретна мерка за граѓаните каде се очекува зголемување на износот кој им се враќа на граѓаните преку мерката мој ДДВ, а се со цел зголемена потрошувачка на добра и услуги, а и поголема даночна контрола на субјектите кои вршат готовински промет Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието да не го донесе предложениот Предлог на закон.

**Точка 58**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 62-а став 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/03, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/12, 115/14, 149/14, 187/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20 и 279/20), поднесено од градоначалникот на Општина Центар и притоа го утврди следното мислење:
Поднесеното барање за давање на автентично толкување се однесува на членот 62-а став (1) од Законот за градење, согласно кој член надлежниот орган што го донел одобрението за градење е должен во рок од три дена од денот на донесувањето на одобрението за градење да ги извести непосредните соседи на градежната парцела за која се донесува одобрението, за издаденото одобрение за градење и дека во рок од 15 дена од денот на издавање на одобрението за градење можат да извршат увид во документацијата.

Според подносителот на Барањето, автентичното толкување треба да разјасни дали под непосреден сосед се подразбираат сопственици на недвижност/објект кој лежи на земјиште сопственост на Република Северна Македонија и дали под непосреден сосед се подразбираат сопственици на недвижност/објект и истовремено земјиште под објектот, која што катастарска парцела не граничи со земјиштето на предметната градежна парцела за која е издадено одобрението за градење, а се наоѓа во границите на градежната парцела која граничи со предметната градежна парцела за која е издадено одобрение за градење.

Членот 62-а од Законот за градење гласи:

„(1) Надлежниот орган што го донел одобрението за градење е должен во рок од три дена од денот на донесувањето на одобрението за градење да ги извести непосредните соседи на градежната парцела за која се донесува одобрението, за издаденото одобрение за градење и дека во рок од 15 дена од денот на издавање на одобрението за градење можат да извршат увид во документацијата.

(2) Доколку непосредните соседи не извршат увид и/или не поднесат жалба против одобрението за градење во рок од 15 дена од денот на издавање на одобрението за градење, одобрението за градење станува правосилно.

(3) Органот надлежен за водење на јавната книга за запишување на правата на недвижностите е должен да достави податоци за непосредни соседи на градежната парцела за која се донесува одобрение за градење, како и пресметка за трошоците за запишување на објектот во јавните книги за недвижности, во електронска форма, по прием на барање во електронска форма од надлежниот орган од член 58 на овој закон.

4)По исклучок од ставот (1) на овој член, за издаденото одобрение за градење за градбите во технолошките индустриски развојни зони формирани од Владата на Република Северна Македонија и од правни лица, за градбите во слободните здравствени зони, за градбите во

индустриските и зелените зони, како и за линиските инфраструктурни градби, не се известуваат непосредните соседи на градежната парцела за која се донесува одобрението.“

Целта на членот 62-а став (1) од Законот за градење е да се овозможи заштита на правата и правните интереси на лицата врз кои би имала влијание идната градба, односно непосредните соседи на градежна парцела за која е издадено одобрение за градење, на начин што истите се известуваат за издаденото одобрение за градење и им се дава можност да извршат увид во документација врз основа на која е издадено одобрението за градење, при што доколку сметаат дека истото не е издадено во согласност со законските прописи можат да поднесат жалба.

Во наведената одредба не е прецизирано кој се смета за непосреден сосед односно дали е тоа сопственик на објект кој е изграден на соседна градежна парцела и/или сопственик на катастарска парцела која е дел од соседна градежна парцела, поради што може да дојде до различни толкувања при примената на наведената законска одредба.

Согласно горенаведеното, доколку Собранието на Република Северна Македонија како надлежен орган за давање на автентично толкување на закон оцени дека барањето за давање на автентично толкување е оправдано, во насока на заштита на правата и правните интереси на лицата врз кои би имала влијание идната градбата Владата на Република Северна Македонија смета дека при примената на наведената одредба за непосреден сосед треба да се сметаат лицата кои се сопственици на сите катастарски парцели како и лицата кои се сопственици на објект или дел од објект, кои се наоѓаат во рамки на градежната парцела која граничи со градежната парцела за која се донесува одобрението за градење.

**<u>Точка 59</u>**

Владата по Предлогот на финансиски план за 2023 година на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија и Предлог на одлука за утврдување на процентот на зафаќање од вкупниот годишен приход, за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија за 2023 година, утврди мислење врз основа на заедничкото мислење што Министерството за животна средина и просторно планирање ќе го подготви во соработка со Министерството за финансии и Министерството за економија и ќе го достави до Владата.

**<u>Точка 60</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво за 2021 година и притоа го утврди следното мислење:

Извештајот е во функција на исполнување на обврската согласно член 156 алинеја 9 од Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 148/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.152/19 и 275/19), според кој Државниот совет за превенција на детско престапништво подготвува годишни извештаи за својата работа и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво.

Владата го смета за значаен делот од Извештајот кој дава аналитички приказ на обработените податоци од собраните индикатори за следење на примената на Законот за правда за децата и на состојбата со детското престапништво. Овие податоци се од исклучителна важност во креирањето на политиките за градење на систем на правда по мерка на децата.

Притоа, се укажува дека е изработен Предлог на закон за правда за децата. Основна цел на Предлог на законот е надоградување на правната рамка за правда за децата со цел доследно почитување на принципот на најдобар интерес на детето.

Воедно се транспонираат директивите на Европската Унија што се однесуваат на процедурална заштита на децата кои се осомничени или обвинети во кривичната постапка и за утврдување минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал, се зајакнува заштитата на децата жртви и сведоци во кривичната постапка, се внесуваат процедурални одредби во однос на текот на судската постапка спрема дете и главниот претрес и се зајакнуваат механизмите за превенција на детското престапништво и институционално, материјално и функционално зајакнување на Државниот совет за превенција и правда за децата.

Тргнувајќи од ова, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по Годишниот извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2021 година.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.106/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 101 став 1 алинеја 4 во делот „на овој член“ од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) и притоа го утврди следново мислење:

Со оваа иницијатива подносителот предлага поведување на постапка за оценување на уставноста на член 101 став (1) алинеја 4 во делот „на овој член“ од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19).

Според наводите во иницијативата оспорените одредби не се во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно членот 101 од Законот за прекршоците:

(1) Судот што ја води прекршочната постапка со решение ќе ја прекине постапката ако:
- не може да се утврди живеалиштето, односно престојувалиштето на обвинетиот и ако од кои било други причини не е достапен на јавните органи или се наоѓа во странство на неодредено време;
- кај обвинетиот настапила привремена душевна болест или привремено душевно растројство;
- за истото дело е покрената кривична постапка до завршувањето на кривичната постапка и
- постапката што е прекината по основ на алинејата 3 на овој член ќе продолжи кога кривичната постапка е запрена по некој друг основ, а и натаму постојат услови за водење на прекршочна постапка.

(2) Пред да се донесе решение за прекин на прекршочната постапка ќе се приберат сите докази за прекршокот и за одговорноста на обвинетиот до кои може да се дојде.
(3) Прекинатата постапка ќе продолжи кога ќе престанат причините за тоа.
(4) За прекинот и продолжувањето на постапката ќе се извести подносителот на барањето.
(5) Решението од ставот (1) на овој член не содржи правна поука.

Согласно членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија е владеењето на правото.

Одредбата од членот 101 став 1 алинеја 4 согласно која судот ќе ја продолжи постапката која била прекината во случај кога за истото дело е покрената кривична постапка до завршувањето на кривичната постапка (алинеја 3) е сосема јасна и недвосмислена. Со упатување на алинејата 3 од истиот член сосема е јасно дека станува збор за продолжување на прекршочната постапка пред судот во случај кога за истото дело била покрената кривична постапка, а истата била запрена по некој друг основ. Во овој случај законодавецот предвидел дека прекршочната постапка ќе продолжи доколку и понатаму постојат услови за водење на прекршочна постапка. Упатувањето на алинејата 3 од овој член не предизвикува нејасност и во никој случај не може да доведе до заблуда, бидејќи членот 101 има 5 става, а само ставот 1 има 4 алинеи. Останатите ставови (2, 3, 4 и 5) не содржат алинеи, со што би дошло до заблуда и нарушување на принципот на владеење на правото.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната иницијатива, односно да донесе Решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Иницијативата од Славко Лазаревски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.93/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 2 точка 29 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и 124/19) и притоа го утврди следното мислење:

Во поднесената Иницијатива се наведува дека членот 2 точката 29 од Законот за катастар на недвижности е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија и истиот член се дефинира „Заинтересираното лице" како лице кое за докажување на својот правен интерес за поднесување на пријава за запишување, покрај правен основ за запишување и геодетски елаборат, прилага и изјава заверена кај нотар во која се содржани основите на правниот интерес од причини наведени како во даденото образложение на поднесената Иницијатива.

Владата на Република Северна Македонија цени дека нема основ за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на посочената одредба заради следново:

Според членот 3 од Законот за катастар на недвижности, Агенцијата врши работи од јавен интерес кои се однесуваат на воспоставувањето и одржувањето на катастарот на недвижности, поставувањето на точките од геодетските референтни мрежи како и управувањето со Геодетско-катастарскиот информационен систем.

Имајќи го предвид наведеното во законот, законодавецот направил разграничување на дефинираните изрази помеѓу: „носител на правото", „подносител на пријавата за запишување" и „заинтересирано лице".

Имено во членот 2 се дефинираат изразите употребени во законот притоа определувајќи го нивното значење како начин кој ја утврдува и разликата помеѓу наведените изрази.

Законот за катастар на недвижности во членот 2 точка 23 ја уредува положбата и значењето на изразот „подносител на пријавата на запишување", во точка 9 од истиот член ја дефинира

положбата на „носителот на правото“, а во точка 29 наведува дека „заинтересираното лице“ покрај правниот основ за запишување и геодетскиот елаборат, со пријавата за запишување на правниот интерес го докажува и со поднесување на изјава заверена на нотар во која се содржани основите за правниот интерес.

Имајќи ги предвид дефинираните изрази со посочувањето подносителот на Иницијативата за оценување на уставноста не прави разлика во однос разграничување на различното значење на дефинираните поими во членот 2 точки 9, 23 и спорната точка 29 од Законот за катастар на недвижности.

Примената на одредбата од членот 63 од Законот за општата управна постапка при постапка за запишување на правата во катастарот на недвижности е неприменлива во конкретниот случај од причина што запишувањето односно поднесување на пријавата за запишување се спроведува со примена на одредбите од Законот за катастар на недвижности.

Во однос на Иницијативата во делот кој се однесува на повреда на уставната одредба од членот 8 на Уставот на Република Северна Македонија „владеењето на правото“ со утврдената одредба од членот 2 точка 29 во која покрај останато лицето е должно да достави и „изјава заверена на нотар“ наведуваме дека законодавецот ги применил одредбите од Законот за нотаријатот давајќи им доказна сила на нотарските исправи притоа засновајќи го вака поставеното барање на одредбата од членот 4 став 5 од Законот за нотаријатот во кој се наведува дека „Нотарските заверки имаат доказна сила на јавни исправи во делот на фактите кои нотарот ги потврдил“ што го оправдува поставеното барање во Законот за катастар на недвижности во членот 2 точка 29 за доставување и на изјава заверена на нотар со која заинтересираното лице ќе го докаже правниот интерес за основите за поднесување на пријавата за запишување на одредени права во катастарот на недвижности.

Врз основа на горенаведеното не може да се смета дека оваа одредба е спротивна на Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи со истата се обезбедува доказ кој има својство на јавна исправа, а врз основа на кој Агенцијата за катастар на недвижности ги обезбедува принципите за работа утврдени во членот 7 од Законот за катастар на недвижности.

Имајќи го предвид претходно наведеното се укажува дека оспорените одредби односно делот „заверена кај нотар“ од член 2 точка 29 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и 124/19), се во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 и член 51 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната Иницијатива како правно неоснована.

**<u>Точка 63</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Хари Ајцев, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.94/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 24 став 1 во делот „или во текот на осигурувањето имале стаж на осигурување кој се смета за зголемено траење“ од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.245/18) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата, бара од Уставниот суд на Република Северна Македонија поведување на постапка за оцена на уставноста и законитоста на:

- член 24 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/18) во делот: „или во текот на осигурувањето имале стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење“
- член 1 точка в) од Правилникот за пренос на средства по престанок на членството во задолжителен пензиски фонд („Службен весник на Република Македонија“ бр. 247/18 од 28.12.2018 година) и тоа во делот: „или во текот на осигурување имале стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење“
- член 7 став (1) од Правилникот за пренос на средства по престанок на членството во задолжителен пензиски фонд („Службен весник на Република Македонија“ бр. 247/18 од 28.12.2018 година) и тоа во делот: „или во текот на осигурување имале стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење“
- член 7 став (2) од Правилникот за пренос на средства по престанок на членството во задолжителен пензиски фонд („Службен весник на Република Македонија“ бр. 247/18 од 28.12.2018 година), во целост.

Според Иницијативата, осигурениците чии права се повредени со оспорените правни одредби, станале членови на задолжителен пензиски фонд на почетокот на имплементацијата на реформираниот пензиски систем, односно со почетокот на имплементацијата на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување во текот на 2005 и 2006 година и нивното членство е потврдено од страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување. Реформите се направени со цел финансиска диверзификација на ризикот и обезбедување на финансиска стабилност на пензискиот систем. Овие осигуреници, во период од 2006 година сè до 1.1.2019 година, уплаќале придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, покрај во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и во задолжителен пензиски фонд од вториот пензиски столб каде биле членови. На индивидуална сметка во задолжителен пензиски фонд им се акумулирани средства, кои средства се личен имот и предмет на наследување, а во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија уплаќале придонеси со кои си го исполнувале условот за максимална пензија. Според ова, акумулираните средства во вториот пензиски столб на овие осигуреници претставуваат дополнителен пензиски приход. Во оваа категорија на осигуреници, членови во задолжителен пензиски фонд, на кои според Иницијативата им се повредени уставните права со оспорените правни одредби и кои се оштетени со донесувањето на овие правни одредби се вработените во М-НАВ АД Скопје. Според Иницијативата, овие законски измени на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.245/18) се донесени во нетранспарентна постапка и без да бидат консултирани синдикалните организации при М-НАВ АД Скопје. Со овој закон, на оваа категорија на осигуреници законодавецот не им дал право на избор да го продолжат или прекинат членството во вториот пензиски столб и да се вратат во првиот пензиски столб, додека тоа го предвидел за други категории на осигуреници, со рок за одлучување. Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19) од 2 септември 2019 година, подносителот на Иницијативата смета дека законодавецот ја поправил својата грешка, но за оваа група на осигуреници не предвидел кој ќе ја надомести штетата за неоплодување на нивните средства како последица на ненавремена уплата на нивните придонеси во вториот пензиски столб, кои се „насилно“ одземени и претворени од сметководствени единици во пари, а потоа по десет месеци пак се претворени во сметководствени единици, но во помал број сметководствени единици, така што овие осигуреници, се директно оштетени и заради тоа Синдикалната организација на самостоен синдикат М-НАВ Скопје ја поднесува оваа иницијатива.

Понатаму, во Иницијативата се цитира член 24 од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.245/18) од 28.12.2018 година, како и член 29 од истиот закон со кој се уредува влегувањето во сила на законот, според кој овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2019 година.

Врз основа на Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.245/18), Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување–МАПАС донесува Правилник за пренос на средства по престанок на членството во задолжителен пензиски фонд („Службен весник на Република Македонија“ бр. 247/18 од 31.12.2018), од кој Иницијативата ги оспорува следните одредби:
- Член 1 точка в) од овој правилник, според која:
Со овој правилник поблиску се пропишува:
в) начинот на пренос на вкупниот износ на средствата, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, на членот на задолжителен пензиски фонд кој во текот на осигурувањето се стекнал со својство на осигуреник согласно член 11, точка 9 и 15 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување или во текот на осигурувањето имал стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење и му престанува членството во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување на 1.1.2019 година.
- Член 7 став (1) од Правилникот според кој:
(1) На член на задолжителен пензиски фонд кој до денот на отпочнување на примена на законот, во текот на осигурувањето се стекнал со својство на осигуреник согласно член 11, точка 9 и 15 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување или во текот на осигурувањето имал стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење, му престанува членството во задолжителен пензиски фонд на 1.1.2019 година.
- Член 7 став (2) од Правилникот, според кој:
(2) Со престанување на членството во задолжителен пензиски фонд друштвото ја затвора индивидуалната сметка на членот на задолжителниот пензиски фонд од став (1) на овој член и вкупниот износ на средствата од индивидуалната сметка се пресметува и претвора во денари врз основа на вредноста на сметководствената единица на 31.12.2018 година и се евидентира како обврска на задолжителниот пензиски фонд кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

Според наводите во Иницијативата, член 24 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.245/18), член 1, точка в) и член 7, став (1) од Правилникот за пренос на средства по престанок на членството во задолжителен пензиски фонд („Службен весник на Република Македонија“ бр.247/18 од 31.12.2018) на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, не се во согласност на Уставот на Република Северна Македонија, додека одредбата од член 7, став (2) од Правилникот за пренос на средства по престанок на членството во задолжителен пензиски фонд („Службен весник на Република Македонија“ бр.247/18 од 31.12.2018), не е во согласност со член 24 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.245/18).

Иницијативата се повикува на член 8 од Уставот на Република Северна Македонија, во кој се наведени темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, при што од страна на подносителот на Иницијативата се подвлекува начелото на владеењето на правото и начелото на правната заштита на сопственоста.

Потоа, Иницијативата се повикува на следните одредби од Уставот на Република Северна Македонија:
- Член 9 од Уставот, според кој граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.
- Член 30 став (1), (2) и (3) од Уставот, со кој се гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата. Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон.
- Член 52 став (4) од Уставот, според кој законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.
- Член 54 ставови (1), (2) и (3) од Уставот, со кој се уредува дека, слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот.

Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот. Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба.

Со оспорената одредба на член 24 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.245/18), согласно Иницијативата, се повредуваат темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија и тоа начелото на владеење на правото и начелото на правна заштита на сопственоста од член 8, став (1), алинеи 3 и 6 од Уставот на Република Северна Македонија. Исто така, со оспорениот член се повредува член 30, ставови 1, 2 и 3 и член 54 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија. Конкретно, Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување е во спротивност на начелото на правна сигурност, бидејќи осигурениците членови на вториот пензиски столб се лишени од нивните сопственички права само поради тоа што имале бенефициран стаж во нивната работна кариера, па дури и само 1 работен ден. Во Инцијативата се истакнува дека ситуацијата со оваа инцијатива со која се оспорува член 24 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.245/18) е сосема поинаква од ситуацијата со Иницијативата за поведување на постапка за оцена на уставноста на членовите 22 и 23 од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.245/18), по која Уставниот суд на Република Северна Македонија донесе Решение У. Бр.97/2019 од 9.12.2020 година, со кое одлучи да не поведе постапка за оцена на уставноста поради немање на повреда на Уставот на Република Северна Македонија.

Имено, според Иницијативата, оспореното законско решение е штетно за вработените во М-НАВ АД Скопје чии што права ги заштитува подносителот на оваа иницијатива Синдикалната организација на Самостоен синдикат М-НАВ Скопје.

Вработените во М-НАВ АД Скопје работат на исклучително стресни и тешки работни места (поврзани со контрола на летање и водење на воздушниот сообраќај над територијата на Република Северна Македонија) и овие работни места се наведени како работни места со бенефициран стаж согласно Правилникот за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење („Службен весник на Република Северна

Македонија“ бр.284/21) и поради тежината на работата и огромната одговорност на овие работни места, истите се натпросечно платени. Со оспорените законски одредби им се одземаат акумулираните средства од вториот пензиски столб и тоа ретроактивно, со што се оштетуваат овие осигуреници.

Членот 24 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.245/18), за разлика од член 22 и член 23 од истиот закон, е штетен по личниот имот на осигурениците со бенефициран стаж, што е спротивно на член 52, став (4) од Уставот на Република Северна Македонија, со кој се уредува забраната за повратно дејство на законите. Осигурениците со бенефициран стаж од член 24 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 245/18) се поинаку третирани од осигурениците од членовите 22 и 23 од овој закон, со што е повреден член 9 и 54 од Уставот на Република Северна Македонија, по основ на нивното потекло и имотна положба.

Во Иницијативата подносителот кажува дека законодавецот со Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19 од 2.9.2019 година), се обидува да ја поправи направената грешка. Имено, во член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19 од 2.9.2019 година), е предвидено член на задолжителен пензиски фонд, кој до денот на влегувањето во сила на овој закон има наврешено стаж на осигурување со зголемено траење кој овозможува намалување на старосната граница за остварување право на старосна пензија за најмалку една година согласно со членот 118 став (3) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, може да избере да го продолжи членството во вториот пензиски столб со писмена изјава за продолжување на членството во задолжителен пензиски фонд, најдоцна до 30 ноември 2019 година. Доколку членот на задолжителен пензиски фонд, во текот на траењето на овој рок, не даде писмена изјава за продолжување на членството му престанува членството во задолжителен пензиски фонд и по престанокот на членството, Друштвото го пренесува вкупниот износ на средства од индивидуалната сметка на членот во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, на начин пропишан од Агенцијата. По извршениот пренос на средствата, Друштвото ја затвора индивидуалната сметка на членот. Согласно Иницијативата, со овие одредби, законодавецот ја дерогира одредбата од член 24, став (1) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.245/18 од 28.12.2018 година) и наместо „насилен” прекин на нивното членство во вториот задолжителен пензиски столб, им овозможи на лицата со бенефициран стаж да продолжат да членуваат во овој столб по свој личен избор. Но со тоа, законодавецот не ја отстрани штетата која им беше направена на осигурениците со бенефициран стаж со одредбата од член 24 став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.245/2018).

Со донесувањето на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19 од 2.9.2019 година), на вработените во М-НАВ АД Скопје, приватните пензиски друштва им го обновија членството во задолжителен пензиски фонд во октомври 2019 година и ги врати нивните средства во форма на пари со валута 31.12.2018 година и ги претворија во сметководствени единици, но со валута на вредност на сметководствената единица на денот на обновувањето на членството во соодветниот пензиски фонд, што е помалку од сметководствените единици во времето кога им

се одземени на 1.1.2019 година. Исто така, во времето кога се одземени средствата не биле инвестирани и следствено на тоа не биле оплодени.

Согласно член 18 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18), осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 64 години живот (маж), односно 62 години живот (жена) и најмалку 15 години пензиски стаж. Истите услови за стекнување со право на старосна пензија важат и за членовите на задолжителните пензиски фондови од вториот пензиски столб.

Со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, за одредени работни места за кои е утврдено дека работата е особено тешка и штетна по здравјето на осигуреникот предвидено е намалување на старосната граница, односно остварување на старосна пензија пред исполнувањето на возраста за редовно остварување на старосна пензија предвидено во член 18 од Законот. Според член 19 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, на осигуреникот на кого стажот на осигурување му се смета со зголемено траење, старосната граница за стекнување право на старосна пензија се намалува зависно од степенот на зголемувањето на стажот и тоа за по една година. Согласно овие законски одредби, како стаж на осигурување со зголемено траење се смета исполнувањето на одреден број на години на ефективен стаж на осигурување на утврдени работни места со стаж на осигурување со зголемено траење (понатаму: бенефициран стаж), зависно од степени на зголемување на стажот на осигурување, кои овозможуваат намалување на старосната граница за остварување на старосна пензија. Поточно, според член 19 став (1) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, на осигуреникот на кого стажот на осигурување му се смета со зголемено траење, старосната граница за стекнување право на старосна пензија се намалува зависно од степенот на зголемувањето на стажот и тоа за по една година за:
1) секои седум години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци;
2) секои шест години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци;
3) секои пет години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци;
4) секои четири години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци;
5) секои три години и шест месеци поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци и
6) секои три години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци.

Стажот на осигурување со зголемено траење, како правен институт на пензиското осигурување е уреден само со Законот за пензиското и инвалидското осигурување и правата кои произлегуваат од стажот на осигурување со зголемено траење се остваруваат согласно овој закон. Комплементарни на овие одредби од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се одредбите од Законот за придонеси од задолжителното социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.142/08, 64/09, 156/09, 166/10, 53/11, 185/11, 44/12, 15/13, 91/13, 170/13, 97/14, 113/14, 180/14, 188/14, 20/15, 48/15, 129/15, 217/15, 190/16, 171/17, 35/18 и 247/18), односно според член 5 од овој закон, посебен вид на придонес, покрај придонесот за пензиско и инвалидско осигурување врз основа на тековна исплата и задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, посебен вид на придонес претставува придонесот за стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење. Додека според член 6 од овој закон,

средствата собрани по основ на придонес за пензиско и инвалидско осигурување стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење се приход на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

Според член 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со првиот пензиски столб, а врз начелото на социјална праведност и генерациска солидарност, се остваруваат правата во случај на старост, инвалидност, смрт и телесно оштетување, а со вториот пензиски столб се остваруваат правата согласно со законот кој го уредува задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

Имајќи ги предвид горе наведените одредби од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за придонеси од задолжителното социјално осигурување, осигурениците кои имаат стаж на осигурување со зголемено траење остваруваат право на пензија порано во однос на останатите осигуреници кои остваруваат право на пензија по редовни услови за пензионирање, како и за нив работодавачот плаќа дополнителен придонес за остварување на правата по основ на предвремено пензионирање по основ на бенефициран стаж. Ова ги прави неподобни за членство во вториот пензиски столб бидејќи имаат краток рок за оплодување на средствата, но исто така со остварувањето на правото на пензијата порано од редовното пензионирање тие остваруваат само дел од пензијата од првиот пензиски столб, додека ќе треба да почека до исполнувањето на староста за редовно пензионирање за здобивање со делот од пензијата од вториот пензиски столб. Пресметката на пензијата за осигурениците во првиот пензиски столб се врши врз основа на заменските стапки дадени во член 228 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување (дефиниран бенефит), додека членовите на задолжителните пензиски фондови во вториот пензиски столб пензија добиваат еден дел од првиот пензиски столб пресметана според заменските стапки дадени во член 34 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување и другиот дел од вториот пензиски столб која се пресметува и исплаќа согласно Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/12, 147/15 и 30/16), за осигурениците со бенефициран стаж се прави посебна пресметка на пензијата во зависност од бенефицијата, односно степенот на зголемување на стажот на осигурување.

Исклучително е значајно при анализирањето на пензискиот систем да се напомене дека истиот, согласно својата архитектура и дизајн, е повеќе столбен, односно системот за задолжително пензиско и инвалидско осигурување е сложен систем на интегрирани и меѓусебно поврзани столбови, кои ги опфаќаат сите пензиски осигуреници. Конкретно, првиот и вториот пензиски столб претставуваат комплементарни и составни делови на единствен систем на задолжителното пензиско и инвалидско осигурување. Првиот пензиски столб се засновува на моделот на тековно финансирање и генерациска солидарност, принцип на дефинирани пензии, односно пензијата се пресметува врз основа на однапред дефинирана формула. За разлика од тоа, вториот пензиски столб се карактеризира со моделот на дефинирани придонеси, односно средствата од уплатениот придонес, преку моделот на отворени пензиски фондови се капитализираат преку нивно инвестирање и висината на тој дел од пензијата зависи од акумулацијата на индивидуалната сметка на членот во задолжителниот пензиски фонд. Согласно член 4 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, правата од пензиското и инвалидското осигурување се стекнуваат и остваруваат во зависност од начинот, должината и обемот на вложувањето на средствата за пензиско и инвалидско осигурување под услови утврдени со овој закон. При воведување на моделот на повеќе столбен систем, иманентна е карактеристиката на диференцијација на обврските и правата на осигурениците, дефинирани на концептот на поволност и генерирање на повисоки права како резултат на атрибутите на

кохортите на осигуреници, а на макро ниво, во остварувањето на стабилен, одржлив, сеопфатен и прифатлив интегрален пензиски систем. Исклучително значајно, условите за стекнување со право на старосна пензија се исти за сите осигуреници во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување, како за тие кои се во првиот пензиски столб, така и за членовите на задолжителните пензиски фондови, се разликуваат осигурениците кои имаат стаж на осигурување со зголемено траење.

Имајќи го предвид горенаведеното, со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.245/18), Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.245/18), Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.180/19) и Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.180/19), законодавецот врши исправка на членството во вториот пензиски столб за категориите на осигуреници за кои е неповолно нивното членство. Ова не е новина која се воведува со овие законски измени, одредба со која законодавецот ги исклучува осигурениците кои имаат бенефициран стаж од членство во втор пензиски столб предвидува и познава основниот Закон за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12 од 1.8.2012 година).

Имено, според член 118 став (1) од овој закон, осигурениците од Главата VII-Стекнување и остварување на правата на определени категории осигуреници под посебни услови, не се опфаќаат во вториот пензиски столб.

Со член 24 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.245/18), која е преодна одредба и според која, при исполнети услови во одредбите од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, на членовите на задолжителен пензиски фонд кои до денот на започнување на примена на овој закон, во текот на осигурувањето се стекнале со својство на осигуреник согласно со членот 11, точки 9 и 15 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување или во текот на осигурувањето имале стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење, им престанува членството во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување на 1 јануари 2019 година. Согласно член 29 од овој закон, законот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2019 година.

Паралелно со Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.245/18), се донесе и Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.245/18). Со член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.245/18), се менува ставот (3) од член 118 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.180/19, 275/19, 31/20, 267/20 и 67/22), според кој осигурениците на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење и осигурениците од Глава VII-Стекнување и остварување на правата на определени категории осигуреници под посебни услови, не се опфаќаат во вториот пензиски столб, доколку имаат навршен стаж на осигурување со зголемено траење кој овозможува намалување на старосната граница за

остварување право на старосна пензија за најмалку една година. Одредбата од член 7 од овој закон, согласно член 17 влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2019 година.

Со цел прецизирање на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.245/18), се донесува Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19), со кој се врши измена на системските одредби од законот кои се однесуваат на членството во вториот пензиски столб со додавање на нов член 58-а, според кој член на задолжителен пензиски фонд кој навршил стаж на осигурување со зголемено траење кој овозможува намалување на старосната граница за остварување право на старосна пензија за најмалку една година согласно со членот 118 став (3) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, може да избере да го продолжи членството во вториот пензиски столб со писмена изјава за продолжување на членството во задолжителен пензиски фонд во рок од три месеци од наврשувањето на стажот на осигурување. Доколку членот на задолжителен пензиски фонд, во текот на траењето на рокот не даде писмена изјава за продолжување на членството во задолжителен пензиски фонд, по истекот на овој рок му престанува членството во задолжителен пензиски фонд. По престанокот на членството, друштвото го пренесува вкупниот износ на средства од индивидуалната сметка на членот во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, на начин пропишан од Агенцијата.

По извршениот пренос на средствата, друштвото ја затвора индивидуалната сметка на членот. Исто така, со член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19), предвидена преодна одредба според која член на задолжителен пензиски фонд, кој до денот на влегувањето во сила на овој закон има наврשено стаж на осигурување со зголемено траење кој овозможува намалување на старосната граница за остварување право на старосна пензија за најмалку една година согласно со членот 118 став (3) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, може да избере да го продолжи членството во вториот пензиски столб со писмена изјава за продолжување на членството во задолжителен пензиски фонд, најдоцна до 30 ноември 2019 година. Согласно член 4 од овој закон, законот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Според основните одредби на Уставот на Република Северна Македонија, покрај другото, Република Северна Македонија е и социјална држава.

Како темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, со член 8, став 1, точка 8 од Уставот на Република Северна Македонија се утврдени хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Со цел да се остварат овие уставни претпоставки, во член 34 од Уставот се гарантира правото на граѓаните на социјална сигурност и социјално осигурување кои се утврдуваат со закон и со колективен договор.

Оспорените одредби од член 24 став (1) од Законот за задолжително капитално финансирано осигурување, се во согласно со Уставот на Република Северна Македонија, поточно овие одредби се во согласност со член 34 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување на начин утврден со

закон и со колективен договор. Дотолку повеќе, овие одредби од Законот се во согласност со член 35 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност.

Во контекст на содржината на членовите 34 и 35 од Уставот на Република Северна Македонија, законодавецот со оспорените одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.245/18), го уредува опфатот на осигурениците во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување, тргнувајќи од аспект на поволност на нивното членство во вториот пензиски столб и социјалната праведност на сите осигуреници од задолжителното пензиско и инвалидско осигурување. Имено, одредбите од законот чија што уставност е предмет на иницијативата се донесени на основа на долга и длабока анализа на членството во вториот пензиски столб.

Во однос на наводите во Иницијативата дека е повредена одредбата од член 9 од Уставот, според кој граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба и граѓаните пред Уставот и законите се еднакви, се укажува дека напротив со оспорената правна одредба со Иницијативата сите осигуреници со бенефициран стаж се изедначува во однос на нивното членство во вториот пензиски столб, односно останатите осигуреници со бенефициран стаж се изедначуваат со осигурениците од Главата VII-Стекнување и остварување на правата на определени категории осигуреници под посебни услови од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12), кои не се опфатени во вториот пензиски столб.

Во однос на членот 52 став (4) од Уставот, се укажува дека член 24 став (1) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување нема ретроактивно дејство во смисла на членството во втор пензиски столб, средствата при престанок на членството преминуваат во првиот пензиски столб од кој се остваруваат права по основ на бенефициран стаж.

По однос на наводот за спротивност на оспорената одредба со Иницијативата со член 54 ставови 1, 2 и 3 од Уставот, со оспорената одредба не се ограничуваат правата на осигурениците, туку овозможува нивно користење согласно целта според која се признаени.

По наводот во Иницијативата дека со донесувањето на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19 од 2.9.2019 година), на вработените во М-НАВ АД Скопје на кои им престанало членството на 1.1.2019 година врз основа на член 24 од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.245/18), приватните пензиски друштва им го обновија членството во задолжителен пензиски фонд во октомври 2019 година и дека им се вратени на индивидуални сметки во задолжителен пензиски фонд, треба да се провери основот за обновување на нивното членство во задолжителен пензиски фонд со оглед дека Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.245/18), ниту Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19 од 2.9.2019 година) не предвидува преодна одредба во однос на осигурениците на кои им престанува членството на 1.1.2019 година врз основа на член 24 од Законот за задолжително капитално

финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.245/2018).

Имајќи го предвид претходно наведеното, со оглед дека постапка за оценување на уставност и законитост се покренува за закони, прописи и други општи акти, а оспорените одредби на член 24 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.245/18) се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата и да не поведува постапка за оценување на уставноста на член 24 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.245/18), а следствено на тоа и оцена на уставноста и законитоста на член 1 точка в), член 7 став (1) и (2) од Правилникот за пренос на средства по престанок на членството во задолжителен пензиски фонд („Службен весник на Република Македонија“ бр.247/18).

**<u>Точка 64</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од политичката партија Левица и Светскиот македонски конгрес од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.9/21 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на Спогодба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.317/20) и У.бр.9/21 и У.бр.25/21 од 29.7.2022 година и 5.9.2022 година и притоа го утврди следново мислење:

Со предметната иницијатива се предлага поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.28/20), од причини кој ги наведува подносителот на Иницијативата односно дека законот не е во согласност со член 8 став 1 алинеи 3, 4 и 7, член 33, член51, член 55 став 1 и став 2 член 68 став 1 алинеи 2, 6 и 19 сите од Уставот на Република Северна Македонија како и Амандман XXV точка 1 на Уставот на Република Северна Македонија.

Договорот за основање на енергетската заедница е ратификуван од Собранието на Република Македонија со донесување на Закон за ратификација на Договорот за основање на енергетската заедница („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/06) со што има значење на законска обврска.

Согласно Договорот, Министерскиот совет дава насоки за генералната политика, презема одредени мерки и усвојува процедурални акти со кои подетално се уредуваат соодветни процедури и постапки и се доделуваат права и обврски на Постојаната група на високи претставници, Регулаторниот борд на енергетската заедница или Секретаријатот на енергетската заедница. Министерскиот совет го сочинуваат по еден претставник од земјите потписнички на Договорот и двајца претставници на Европската Унија.

Согласно на Одлуката на Министерски совет на Заедницата за енергетика D/2011/02/MC-EnC од 6.10.2011 година која се однесува на имплементација на Директивата 2009/72/ЕЗ, Директива 2009/73/ЕЗ, Регулатива (ЕЗ) бр. 714/09 и Регулатива (ЕЗ) бр. 715/09 Договорните страни треба да обезбедат имплементација во периодот 1 јуни 2016 до 1 јуни 2017 година, дека:

а) Операторот на системот за пренос на природен гас е друштво кое е сопственик на системот за пренос на природен гас,

б) Исто лице или лица немаат право во исто време:
- директно или индиректно да учествуваат во управувањето и надзорот со друштво кое што врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со природен гас и директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право со операторот на системот за пренос на природен гас,

- директно или индиректно да учествуваат во управувањето и раководењето со операторот на системот за пренос на природен гас и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во друштво коешто врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со природен гас.

ц) да именува членови на органот на надзор и органот на управување на операторот на системот за пренос на природен гас и во исто време директно или индиректно управуваат или остваруваат друго право во друштво кое врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со природен гас.

д) Ограничувањата од б) и ц) особено се однесуваат на:
- користењето на право на глас,
- избор и именување на членови на органот на надзор и органот на управување на друштвото, или
- поседување на мнозински удел.

Воедно, систем операторите треба да бидат сертифицирани согласно член 10 од директивите за електрична енергија и гас и член 3 од регулативите за електрична енергија и гас. Според постапката утврдена во овие членови, по доставувањето на такво известување од релевантниот регулатор, Секретаријатот на Енергетската заедница тогаш има четири месеци во кои треба да ја испита одлуката и да даде мислење за компатибилноста на одлуката со барањата за раздвојување и сертификација на засегнатиот регулатор. Рок од два месеци од добивањето на мислење од Секретаријатот на енергетската заедница, регулаторот треба да донесе конечна одлука за сертификацијата, земајќи го предвид мислењето на Секретаријатот на енергетската заедница со најголем сериозност.

Законот за енергетика предвидува сопственичко раздвојување на операторот на преносниот систем за природен гас, како и сертификација во согласност со Третиот енергетски пакет. Министерството за економија ќе биде сопственик и надлежен за операторот на преносниот систем за природен гас.

Согласно член 109 и член 238 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18) операторот на системот за пренос на природен гас треба да отпочне постапка за сопственичко раздвојување во рок од една година од денот на влегување на сила на Законот за енергетика.

Согласно член 111 и 112 од истиот закон, операторот на системот за пренос на природен гас независно од организационата форма, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, донесува програма за усогласеност, а реализацијата на програмата ја следи службеник за усогласеност, кој е именуван од органот за надзор на операторот на системот за пренос на природен гас, по претходно одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

Вршителот на дејноста пренос на природен гас мора да биде сертифициран како оператор на системот за пренос на природен гас на начин, во постапка и во рок утврдени со овој закон.

Законот за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на Спогодба е објавен на 31.12.2020 година во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.317/20 година.

Врз основа на горенаведеното произлегува дека Законот за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба е во функција на операционализација на одредбите од Законот за енергетика и не е во несогласност со член 8 став 1 алинеи 3, 4 и 7, член 33, член 51, член 55 став 1 и став 2 , член 68 став 1 алинеи 2, 6, и 19 сите од Уставот на Република Северна Македонија, како и Амандман XXV точка 1 на Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли иницијативата како неоснована.

Во однос на прашањето дали е потпишан и реализиран договорот за купопродажба на влогот на Макпетрол во ГА-МА ве известуваме дека согласно член 5 од Спогодбата, договорните страни се обврзуваат да го потпишат и да го имплементираат Договорот за купопродажба на влогот на Макпетрол АД во ГА-МА веднаш по склучување на оваа спогодба и согласно член 7 од истата договорните страни се обврзуваат да го информираат Секретаријатот на енергетската заедница за потпишувањето и за имплементацијата на оваа спогодба за регулирање на меѓусебните обврски, како и за Договорот за купопродажба на сопственичкиот капитал во ГА-МА АД.

## Точка 65

Владата ја разгледа Иницијативата од Даниел Георгиевски доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под бр.У.бр.103/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 78-г од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20, 279/20 и 227/22 и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата подносителот бара оценување на уставноста на член 78-г од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20, 279/20 и 227/22), сметајќи дека истиот е во спротивност со член 8 став (1) алинеја 3, член 9, член 55 став (2), член 15 и член 50 од Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи се нарушувал принципот на владеење на правото, принципот на еднаквост пред законите и правото на судска заштита на сите физички и правни лица.

Во образложението на Иницијативата е наведено дека оспорениот член обезбедувал дополнителни права и повластици само за субјектите кои изградиле индустриски објекти со класа на намена Г2 (лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија) кои не биле објекти од јавен интерес, се заобиколувала целокупната постапка за издавање на одобрение за градење пропишана со членот 59 од Законот и постапката за издавање на одобрение за употреба пропишана со членот 87 од Законот, поради што субјектите кои ги изградиле

предметните објекти се ставале во повластена положба во однос на другите субјекти кои изградиле објекти со одобрение за градење, а се дерогирало и правото на судска заштита на заинтересираните лица (соседи) да изјават жалба и да поведат управен спор против нелегално изграден објект чиешто одобрение за градење не станало правосилно согласно членовите 65 и 65-а од Законот за градење.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеењето на правото.

Според член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Според член 15 од Уставот на Република Северна Македонија, се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд. Правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон, а согласно член 50 став (2) од Уставот на Република Северна Македонија, се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.

Според член 55 став (2) од Уставот на Република Северна Македонија, Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот.

Согласно членот 78-г став (1) од Законот за градење, за индустриски градби со намена Г2 (лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија) и делови на овие градби, кои се изградени без одобрение за градење, може да се издаде одобрение за градење доколку истите се изградени во согласност со параметрите од важечки урбанистички план или друга важечка планска документација и е изработен извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер во кој е констатирано дека градбата може да се употребува.

Според став (2) од овој член, за добивање одобрение за градење за градбите од ставот (1) на овој член, се доставува барање до надлежниот орган од членот 58 од овој закон, кон кое се приложува документацијата утврдена во членот 59 од овој закон, како и извештај за извршен технички преглед од ставот (6) на овој член во кој е констатирано дека градбата може да се употребува, а според став (3) од овој член, постапката за добивање одобрение за градење за градбите од ставот (1) на овој член се спроведува согласно со членот 59 од овој закон.

Според став (4) од истиот член, имотно-правните односи за градежната парцела на која се изградени градбите од ставот (1) на овој член треба да се целосно регулирани.

Во ставот (5) на овој член е утврдено дека висината на надоместокот за уредување градежно земјиште за градбите од ставот (1) на овој член е двојно повисока од надоместокот за уредување градежно земјиште за овие градби, кој е утврден од единиците на локалната самоуправа, односно единиците на локалната самоуправа во Градот Скопје.

Согласно став (6) од истиот член, за градбите од ставот (1) на овој член, се врши технички преглед од надзорен инженер со овластување А или овластување Б за вршење надзор над изградбата на градби, по што истиот изработува извештај за извршен технички преглед со кој се констатира дали градбата може да се употребува, а според став (7) од истиот член при вршењето технички

преглед надзорниот инженер утврдува дали градбата е изградена согласно со основниот проект, дали има одредени недостатоци кои мора да бидат отстранети, дали има одредени недостатоци кои ги нарушуваат основните барања на градбата кои се однесуваат на механичката отпорност, стабилност и сеизмичка заштита поради кои градбата не може да се употребува и во зависност од утврдената фактичка состојба констатира дали градбата може да се употребува.

Според став (8) од истиот член, градбите од ставот (1) на овој член се запишуваат во јавната книга за недвижности по поднесено барање од надлежниот орган од членот 58 од овој закон кој го издал одобрението за градење, кон кое се доставува одобрението за градење, основниот проект, извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер во кој е констатирано дека градбата може да се употребува, геодетски елаборат од извршен премер на објектот и доказ за платени трошоци за запишување на објектот во јавната книга на недвижности од страна на барателот.

Согласно став (9) од овој член, сопственикот на градбата од ставот (1) на овој член за која е издадено одобрение за градење, е должен во рок од една година од денот на правосилноста на одобрението за градење, на кровната конструкција на објектот да постави фотонапонска електроцентрала согласно со одредбите од овој закон, во спротивно надлежниот орган од членот 58 од овој закон кој го издал одобрението за градење донесува акт за ништовност на одобрението за градење, кој се доставува до органот надлежен за водење на јавната книга за запишување на правата на недвижностите и истиот е основ за бришење на сите прибележувања, предбележувања и запишувања поврзани со недвижноста.

Во ставот (10) од истиот член е утврдено дека формата и содржината на извештајот за извршен технички преглед од надзорен инженер за градбите од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Оттука, со претходно наведениот член се предвидува да се издаде одобрение за градење за индустриски градби со намена Г2 (лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија), како и за делови на овие градби, кои се изградени без одобрение за градење, само доколку истите се изградени во согласност со важечки урбанистички план или друга важечка планска документација и изготвен е извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер во кој е констатирано дека градбата може да се употребува.

За добивање на одобрение за градење за овие градби се доставува документацијата и се применува постапка која е предвидена во членот 59 од Законот за градење, кој член се применува за сите видови на градби предвидени во член 57 од Законот за градење за кои се издава одобрение за градење, од што произлегува дека градбите од член 78-г став (1) треба ги исполнат истите услови за изградба, како и другите градби.

Исто така и исполнетоста на условите за ставање во употреба на овие градби се утврдува на ист начин како и за другите градби од овој вид, односно се врши технички преглед од надзорен инженер и се изготвува извештај за технички преглед во кој треба да се констатира дали градбата може да се стави во употреба.

Воедно, треба да се напомене дека висината на надоместокот за уредување градежно земјиште (комуналии) за градбите од член 78-г став (1) од законот е двојно повисока од надоместокот кој е утврден за градбите со оваа намена, а се утврдува и дополнителна обврска за сопственикот на овие градби за кои ќе се издаде одобрение за градење, во рок од една година од денот на

правосилноста на одобрението за градење, на кровната конструкција на објектот да постави фотонапонска електроцентрала согласно со одредбите од овој закон, во спротивно надлежниот орган кој го издал одобрението за градење донесува акт за ништовност на одобрението за градење, кој е основ за бришење на сите прибележувања, предбележувања и запишувања поврзани со недвижноста (член 78-г став (9) од Законот за градење).

Исто така, треба да се има предвид дека временскиот период за поднесување на барање за добивање на одобрение за градење за предметните градби е ограничен, односно согласно член 9 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.227/22) е утврдено дека барање за добивање одобрение за градење за градбите од членот 78-г став (1) од овој закон, може да се поднесе во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Согласно наведеното Владата на Република Северна Македонија смета дека неосновани се наводите на подносителот на Иницијативата дека се даваат повластици на субјектите кои изградиле вакви објекти и се заобиколувала целокупната законска постапка за добивање на одобрение за градење утврдена со членот 59 од Законот, како и постапката за добивање на одобрение за употреба утврдена со член 87 од Законот, кои постапки се применувале за сите физички и правни лица.

Спротивно на наводите на подносителот на Иницијативата, согласно ставот (2) од оспорениот член 78-г од Законот е утврдено дека за добивање одобрение за градење за градбите од ставот (1) на овој член, се доставува барање до надлежниот орган од членот 58 од овој закон, кон кое се приложува документацијата утврдена во членот 59 од овој закон, како и извештај за извршен технички преглед од ставот (6) на овој член во кој е констатирано дека градбата може да се употребува, а согласно ставот (3) постапката за добивање одобрение за градење за градбите од ставот (1) на овој член се спроведува согласно со членот 59 од овој закон.

По однос на наводите дека извештајот за извршен технички преглед на надзорниот инженер во кој е констатирано дека градбата може да се стави во употреба се ставал над управните акти кои ги издаваат надлежните државни органи во постапките за издавање на одобрение за градење и одобрение за употреба, треба да се има во предвид дека согласно Законот за градење постојат два начини на ставање на градбите во употреба а во зависност од видот на градбата. Во таа насока, со членот 87 став (1) од Законот за градење е утврдено дека градбата ќе се стави во употреба по издавање на одобрение за употреба за градбите од прва категорија од член 57 на овој закон, а за градбите од втора категорија по изготвување на извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер во кој е констатирано дека градбата може да се стави во употреба. Индустриските градби со намена Г2 (лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија) се градби од втора категорија, за кои градби не се издава одобрение за употреба, а согласно членот 89 став (5) од Законот е утврдено дека за градбите од втора категорија од членот 57 на овој закон техничкиот преглед го врши надзорниот инженер за што изготвува извештај за извршен технички преглед.

Исто така, неосновани се наводите дека се дерогира правото на судска заштита на заинтересираните лица (соседи) да изјават жалба и да поведат управен спор против нелегално изграден објект чиешто одобрение за градење не станало правосилно согласно членовите 65 и 65-а од Законот за градење, од причина што за овие градби се издава одобрение за градење согласно член 59 од Законот против кое може да се поднесе жалба согласно членот 65 од Законот и со ниту една одредба од Законот не е исклучена примената на овие одредби во случаите кога се издава одобрение за градење за градбите од член 78-г став (1) од Законот.

Согласно претходно наведеното со оспорениот член 78-г од Законот за градење им се овозможува на сите физички и правни лица кои без одобрение за градење изградиле индустриски градби со намена Г2 (лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија) и делови на овие градби, да се стекнат со одобрение за градење во истата правна процедура пропишана со овој закон, која се применува за сите видови на градби за кои се издава одобрение за градење, со дополнителна обврска да постават фотонапонска електроцентрала на кровната конструкција во рок од една година од правосилноста на одобрението за градење.

Имајќи го предвид претходно наведеното Владата на Република Северна Македонија, смета дека оспорениот член 78-г од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20, 279/20 и 227/22) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната иницијатива.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.109/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 152 став 1 точка 2 во делот „став 4“ од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20, 279/20 и 227/22) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 152 став (1) точка 2) од Законот за градење е пропишано дека „Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице за проектирање на градби, ако: вработи како проектант странско физичко лице без потврдено овластување од Комората (член 42 став (4).“

Согласно член 42 ставови (1), (2), (3), (4) и (7) е пропишано дека:
„(1) Странско правно лице може во Република Северна Македонија да ги врши работите на проектирање, ревизија, изведување и надзор над изградба на градби, пропишани со овој закон, ако добие потврда за вршење на наведените работи од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа за уредување на просторот.

(2) За добивање на потврда, странското правното лице од држава која е членка на Европската Унија и од држава која не е членка на Европската Унија, треба да поднесе барање во кое ќе ја наведе дејноста и видот на градбата и да ја поднесе следнава документација:
- доказ со кој се потврдува дека лицето е регистрирано за вршење на соодветната дејност во државата во која има седиште и
- доказ дека има дозвола, односно лиценца за вршење на соодветните работи за видот на градбата, за кои бара потврда или доказ од надлежен орган дека во државата во која има седиште согласно со нејзините прописи за вршење на соодветните работи не се издава дозвола, односно лиценца.
(3) Странското правно лице од држава која не е членка на Европската Унија покрај доказите од ставот (2) на овој член треба да достави и потврда/и за успешно изведени работи соодветни на работите и видот на градбата за кои се бара потврда.

(4) Документите, односно доказите од ставовите (2) и (3) на овој член треба да се достават во оригинал или копија од оригиналот заверена на нотар и преведени од овластен судски преведувач на македонски јазик.

(7) Странско физичко лице кое има овластување од друга држава, може во Република Северна Македонија да врши работи на проектирање, ревизија, изведување и надзор над изградба на градби, пропишани со овој закон, доколку овластувањето е потврдено од страна на Комората на овластени архитекти и овластени инженери. При потврдување на овластувањето се утврдува дали овластувањето на странско физичко лице соодветствува на овластувањата пропишани со овој закон. Доколку се утврди дека овластувањето соодветствува, Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава потврда за веродостојноста на истото и за видот на овластување кое странското физичко лице го стекнува во Република Северна Македонија. За добивање на потврдата за странско физичко лице, се плаќа надоместок, согласно со Ценовникот за јавни услуги од членот 109 став (1) точка 7 од овој закон."

Оттука, имајќи ги предвид напред наведените одредби од истите се констатира дека ставот (4) од член 42 упатува на примена на ставовите (2) и (3) од истиот член и се правно поврзани со одредбите од став (1), (2), (3) и (4) кој се однесуваат на странското правно лице и неговите обврски кои треба да ги оствари за да може во Република Северна Македонија да ги врши работите на проектирање, ревизија, изведување и надзор над изградба на градби, пропишани со овој закон, додека оспоруваниот дел односно повикувањето на „став (4)" во членот 152 став (1) точка 2 е правно несоодветен со оглед на тоа дека во членот 152 став (1) точка 2 е предвидена прекршочна глоба за правното лице за проектирање на градби, ако вработи како проектант странско физичко лице без потврдено овластување од Комората.

Имено, потврденото овластување кое го издава Комората на овластени архитекти и овластени инженери е предвидено во ставот (7) на членот 42 од Законот за градење.

Во основниот текст на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09) е предвидена одредбата на членот 42 со наслов „7. Странски физички и правни лица" кој содржи 5 става и членот 152 со два става меѓусебе правно поврзани односно јасни, прецизни и во логична правна целина.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.279/20), членот 42 се менува, има 10 става и е со поинакво правно нормирање. Поради промената настаната со новиот член 42, а не направената промена во членот 152 став (1) точка 2 во однос на делот „став (4)", упатувачката одредба останува став (4), а требало да стане став (7).

Имајќи го предвид наведеното, како и тоа дека не е направена суштинска грешка во оспоруваната одредба, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија предметната Иницијатива да ја отфрли.

**<u>Точка 67</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Наим Шерифи од Куманово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.47421, за КО Куманово, на КП бр.7812/1, викано место/улица „Османски Рид" и по Понудата го усвои Известувањето на Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Роза Николова од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2307, за КО Злокуќани, на КП бр. 789 викано место/улица „Зајчев Рид“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Емилија Георгиевска-Аџиска од Берово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8790 за КО Русиново, на КП бр.13001, викано место/улица село Русиново и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јанко Милушев од Струмица, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100046 за КО Костурино, на КП бр.4110, викано место/улица „Село“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски, како и негативното Мислење на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.56697 за КО Карпош, на КП бр.4496, викано место/улица „Козле 1“ и по Понудата ги усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Весна Паунова од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.63175 за КО Кисела Вода 1, на КП бр.892/1, викано место/улица „Првомајска“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.97476 на КП бр.125/6 и Имотен лист бр.97477 за КП бр.125/7, КО Чаир и по Понудата го усвои Известувањето на Управата за заштита на културното наследство.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.56985, за КО Ресен на КП бр. 4572/17 викано место/улица „Димитар Влахов“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мексуд Максуд од Ресен, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.56381 за КО Ресен, на КП бр.6365/8, викано место/улица „11 Октомври“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2952, за КО Карпош, КП бр.6237/5, викано место/улица „Миле Поп Јорданов“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101699 за КО Охрид 4, на КП бр.6227/4, викано место/улица „Горица“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.67238, за КО Маџари, на КП бр.2853/21, викано место/улица „Утрина“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лидија Рибарева од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.191 за КО Три Чешми Вонград, на КП бр.95/1, викано место/улица „Сушево Ритче“, КП бр.95/10, викано место/улица „Сушево Ритче“, КП бр.95/2, викано место/улица „Сушево Ритче“, КП бр.95/48, викано место/улица „Сушево Ритче“, КП бр.95/5, викано место/улица „Ежово Поле“, КП бр.95/8, викано место/улица „Ежово Поле“, КП бр.95/9, викано место/улица „Сушево Ритче“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 80**

1. Владата го разреши Викторио Димовски од должноста директор на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија поради упатување на извршување на друга функција.

2. Владата го именува Зарко Милошевски за директор на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на платата и зголемување на 30% на платата утврдена за извршување на функцијата.

3. Владата ја разреши Анета Симеска -Димоска од должноста директор на Државниот пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија.

4. Владата го именува Горан Трајковски за вршител на должноста директор на Државниот пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на платата.

5. Владата го именува Бљерим Абази за вршител на должноста директор на Управата за водење на матичните книги, орган во состав на Министерството за правда, досегашен вршител на должноста директор на Управата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на платата.

6. Владата го разреши Миле Андоновски од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, на негово барање.

6.1 Владата го именува Чедо Крстевски за член на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности.

7. Владата го разреши Горан Ѓорѓиевски од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

7.1 Владата го именува проф. д-р Орце Симов-претставник на Туристичко -угостителската комора за член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

8. Владата ја разреши Елена Пранговска од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Иван Георгиев“ -Пехчево, на нејзино барање.

8.1 Владата ја именува Елена Михаиловска за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Иван Георгиев“ -Пехчево.

9. Владата го разреши Пере Ристески од должноста член на Училишниот одбор -претставник на основачот на Државното средно училиште -Регионален центар за стручно образование и обука „Ванчо Питошески“-Охрид, на негово барање.

9.1 Владата ја именува Ивана Махоска-Шикалеска за член на Училишниот одбор -претставник на основачот на Државното средно училиште -Регионален центар за стручно образование и обука „Ванчо Питошески“ Охрид.

10. Владата ја разреши Љупка Стојановска од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија -Скопје, поради истек на мандатот.

10.1 Владата го именува Есмир Календер за член на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија -Скопје.

11. Владата го разреши Недим Касами од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести -Скопје, поради истек на мандатот.

11.1 Владата го именува Недим Касами за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести -Скопје.

12. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје, за в.д. директор да го именува Ендрин Кадриу и за в.д. заменик на директорот да го именува Суад Џемаили.

13. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кој еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат

најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Педагошката служба.

**Точка 81**

**1.** Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за формирање на Советодавно тело за давање на мислење за употреба на име на историска и друга позната личност во името на здружение и друго правно лице.

**2.** Владата го разгледа Барањето согласност за јавна набавка на канцелариски мебел и опрема, доставено од ЈЗУ Здравствен дом „д-р Хаим Абраванел“-Битола, под бр.05-154/2 од 23 март 2022 година и даде согласност по истото.

**3.** Владата го донесе Решението за именување координатор за секторски политики на Европската Унија во Мисијата на Република Северна Македонија при Европската Унија во Брисел.

**4.** Владата го одложи разгледувањето на Барањето за изменување на Заклучок донесен по Информацијата за реализација на Договорот меѓу Република Македонија и Европравда (EUROJUST), на седницата на Владата, одржана на 14 август 2018 година под бр. 44-7701/1, а во врска со донесените заклучоци на Владата под бр. 44-7211/1 од 31 јули 2017 година, бр. 45-17/139 од 11 јуни 2019 година и бр. 44-17/74 од 7 јули 2020 година, поради потребата Министерството за правда да го преработи материјалот и потоа да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**5.** Владата го разгледа Предлог-решението за формирање на Комисија за употреба на имињата на личности и го донесе Решението со заклучок член од Министерството за правда, наместо Никола Бабановски, да биде Аркин Јахији.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 1 декември 2022 година до 7 декември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**7.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 1 декември 2022 година до 7 декември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**8.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна

Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 1 декември 2022 година до 7 декември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на предвидената акредитација на лабораторијата и акредитација на нови методи, како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП „Стрежево“-Битола за периодот 1 јули 2022 година-30 септември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 84**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие „Студенчица“ Кичево, за третиот квартал на 2022 година (од 1.7.2022 година до 30.9.2022 година), како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче–Велес, за период од 1 јули до 30 септември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје за трет квартал 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 87**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о., за период од 1 април 2022 година до 30 јуни 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 88**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот 1 април 2022 година-30 јуни 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје за периодот 1 јули 2022 година-30 септември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 90**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-Берза Скопје за периодот јули-септември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 91**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за периодот јули-септември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 92**

Владата го разгледа Конечниот извештај за трошење на средства од наменска сметка за буџетска поддршка за електрична енергија и наменска сметка за буџетска поддршка за топлинска енергија, префрлени по одлуки на Влада на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 93**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Управата за финансиско разузнавање за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 94**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за периодот 1 јануари 2022 година-30 јуни 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Информацијата за покренување на постапка за одржување на Собрание на акционери на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост, заради донесување на одлука за потврдување на статусната промена -спојување на НЕР АД Скопје и ГА-МА АД- Скопје, со предлог-одлуки и придружни материјали и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за потврдување на Спогодбата за статусна промена -спојување на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост со ЕМБС 6664903 и Акционерското друштво ГА-МА АД -Скопје со ЕМБС 5135419.

2. Ја донесе Одлуката за усвојување на Статутот на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС-Скопје во државна сопственост.

3. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија д-р Димитар Ковачевски во име на Владата на Република Северна Македонија издаде изјава по член 29 од Законот за трговските друштва за основање на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност НОМАГАС-Скопје во државна сопственост.

4. Состави Извештај за текот на основањето на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС-Скопје во државна сопственост.

5. Ја донесе Одлуката за усвојување на Извештајот за текот на основањето на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС-Скопје во државна сопственост.

6. Ја донесе Одлуката за усвојување на пресметката на трошоците за основање на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС-Скопје во државна сопственост.

7. Владата за први членови на Одборот на директори на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС-Скопје во државна сопственост ги именува:

1) Дарко Башоски-неизвршен член;
2) Ристо Талевски -неизвршен член;
3) Рафис Аљити -неизвршен член;
4) Бетиане Китев -неизвршен член и
5) Бајрам Реџепи -извршен член.

Независен член на Одборот на директори е Бетиане Китев.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Ревидираната стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за периодот 2023-2025 (со изгледи до 2027 година), ја донесе истата и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, за информирање.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Договор за однапред резервиран капацитет (Advance reservation capacity agreement-ARCA) за резервирање на капацитет на грчката страна од интерконекциската точка Евзони-Гевгелија, со Договор за однапред резервиран капацитет за Резервирање на капацитет на грчката страна од ИТ Евзони/Гевгелија, Договор за издавање на гаранција за добро извршување на работите и со Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го одобри склучувањето на Договор за однапред резервиран капацитет (Advance reservation capacity agreement-ARCA) за резервирање на капацитет на грчката страна од интерконекциската точка Евзони-Гевгелија.

2. Ја донесе Одлуката со која се одобрува склучувањето на Договор за однапред резервиран капацитет (Advance reservation capacity agreement-ARCA) за резервирање на капацитет на грчката страна од интерконекциската точка Евзони-Гевгелија, како и издавањето на гаранцијата за добро извршување на работите од страна на Стопанска банка АД Скопје.

**Точка 98**

Владата го разгледа Дополнетиот предлог на Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година, го утврди и заклучи согласно член 180-а, став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска-Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Информацијата за покренување на постапка за одржување на Собрание на акционери на Акционерско друштво ГА-МА–Скопје, заради донесување на одлука за потврдување на статусната промена–спојување на ГА-МА АД Скопје и НЕР АД Скопје, со предлог–одлуки и придружни материјали и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за потврдување на Спогодбата за статусна промена -спојување на Акционерското друштво ГА-МА -Скопје со ЕМБС 5135419 и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје во државна сопственост со ЕМБС 6664903.

2. Ја донесе Одлуката за усвојување на Статутот на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС-Скопје во државна сопственост.

3. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија д-р Димитар Ковачевски, во име на Владата на Република Северна Македонија издаде Изјава по член 29 од Законот за трговските друштва за основање на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност НОМАГАС-Скопје во државна сопственост.

4. Состави Извештај за текот на основањето на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС-Скопје во државна сопственост.

5. Ја донесе Одлуката за усвојување на Извештајот за текот на основањето на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС-Скопје во државна сопственост.

6. Ја донесе Одлуката за усвојување на пресметката на трошоците за основање на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС-Скопје во државна сопственост.

7. Владата за први членови на Одборот на директори на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС-Скопје во државна сопственост ги именува:

1) Дарко Башоски-неизвршен член;
2) Ристо Талевски -неизвршен член;
3) Рафис Аљити -неизвршен член;
4) Бетиане Китев -неизвршен член и
5) Бајрам Реџепи -извршен член.

Независен член на Одборот на директори е Бетиане Китев.

**Точка 100**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година, со Предлог -програма, ја усвои Информацијата и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2022 година.

**Точка 102**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за  интерконективен гасовод Република Северна Македонија–Грција, ја усвои Информацијата и донесе Одлука за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за интерконективен гасовод Република Северна Македонија - Грција  (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 103**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2022 година.

**Точка 104**

Владата ја разгледа Информацијата за давање овластување за преговарање за нов колективен договор за вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и ја усвои со следниот заклучок:

- Се овластува Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, да отпочне преговори за склучување на нов колективен договор за вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, при што во договорот да не стои обврска за задолжителна исплата на регрес за годишен одмор, туку исплата да може да се врши само доколку има финансиски средства за тоа.

**Точка 105**

Владата ја разгледа Ревидираната фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2023-2025 (со изгледи до 2027), ја донесе со забелешките од Секретаријат за законодавство и заклучи да ја достави до Собранието на Република Македонија, за информирање.

**Точка 106**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина, Владата на Република Бугарија, Владата на Република Хрватска, Владата на Унгарија, Владата на Република Северна Македонија, Владата на Црна Гора, Владата на Република Србија, Владата на Словачката Република и Владата на Република Словенија за соработка и координација на потрагата и спасувањето во областа на воздухопловството, со усогласен текст на Спогодба и го прифати со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина, Владата на Република Бугарија, Владата на Република Хрватска, Владата на Унгарија, Владата на Република Северна Македонија, Владата на Црна Гора, Владата на Република Србија, Владата на Словачката Република и Владата на Република Словенија за соработка и координација на потрагата и спасувањето во областа на воздухопловството.

2. Се определува Томислав Тунтев, директор на Агенцијата за цивилно воздухопловство во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата помеѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина, Владата на Република Бугарија, Владата на Република Хрватска, Владата на Унгарија, Владата на Република Северна Македонија, Владата на Црна Гора, Владата на Република Србија, Владата на Словачката Република и Владата на Република Словенија за соработка и координација на потрагата и спасувањето во областа на воздухопловството.

**Точка 107**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од добивање согласност по однос на Ценовникот за изменување на Ценовникот за висината на надоместокот на работите и услугите од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, со Предлог–одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот за изменување на Ценовникот за висината на надоместокот на работите и услугите од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 108**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од преалокација на средства по трошковни категории на Проектот за итно справување со ковид-19, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за труд и социјална политика веднаш да се обрати до Светска банка за преалокација на средства по категории, која не надминува 15% од износот на категоријата.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:40 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**